Изработил:

Одделение за општи и правни работи

Наташа Димитровска

Даниела Такева

Контролирал

Раководител на Одделение за општи и правни работи

Ивана Ивановска

Предлагач: Градоначалник Горан Трајковски

Донесува: Совет на Општина Делчево

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Делчево за
## поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година

## I ВОВЕД

### 1.1 Појдовна основа на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, т.е. граѓаните кои се активно вклучени во подобрување на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општество и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани. Граѓанското учество подразбира вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки и креирање политики и гради мост меѓу власта и граѓаните, создава потранспарентна власт и помага во подобрување на услугите.

Граѓанското учество на територијата на Општина Делчево е сè поактивно со цел да се подобри ефикасноста на локалната власт и да се подобри испораката на јавните услуги, како и ефикасноста на локалните институции.

Општина Делчево ги има препознаено важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на деморатските процеси во општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Граѓанските организации во Делчево ја имаат потврдено својата посветеност на пресретнување на потребите на граѓаните преку бројни активности, како: културни манифестации, спортски настани, социјална и хуманитарна помош, еколошки акции, поддршка на образованието и сл.

Во 2025 година, Општина Делчево ќе продолжи со својата политика за понатамошно унапредување на соработката со граѓанските организации, односно здруженијата на граѓани и фондации, а во насока на креирање активен граѓански сектор, кој ќе биде сериозен партнер на општината во креирањето на локалните политики и кој ќе придонесува за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани од заедницата.

Распределбата на јавните финансии претставува сериозна задача за секоја јавна администрација или управен орган, а соодветната распределба на јавните финансии значи одговорно управување со јавното трошење и услугите кои ги добиваат граѓаните.

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на соработката со граѓанските организации.

**Развој** - континуирана поддршка на граѓанските организации за реализација на програмите и проектите.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од Програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Промоција** – промовирање на сите активности преку организација на јавни трибини, наменски средби со организациите од конкретна област, објавување на информациите на веб-страницата на Општината и на локалните медиуми.

**Еднакви можности и недискриминација -** почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во остварувањето на нивните основни права и слободи и на придобивките од политичките, економските и социјалните процеси и механизми. Граѓанскиот сектор по својата природа на делување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, особено маргинализираните како: сиромашни, жени, Роми, лица со посебни потреби и сл. Па, врз основа на овој факт, Програмата ја има предвид и социјалната кохезија како приоритетна област која единствено може да биде достигната ако се почитуваат прнципите на еднаквост, еднакви можности и недискриминација.

### 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за активностите за поддршка на грѓанскиот сектор во Општина Делчево за 2025г. е направена врз основа на основните одредби на:

- Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ" бр.52/2010,135/2011, 55/2016 и „Сл. весник на РСМ" бр.239/22 )
- Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" 5/2002 и „Сл. весник на РСМ" бр.84/20 и 202/24).
- Законот за еднакви можности („Сл. Весник на РМ" бр. 201/15)
- Статут на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021),
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани 09-333/1 од 23.02.2018 година.

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1 Општа цел:

Главна цел на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 г. е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики.

### 2.2. Области на делување и специфични цели:

Програмата ги таргетира следните области на делување и специфични цели:

1. Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината
   - Специфична цел: 1. Зголемување на учеството на младите, момчиња и девојчиња, во креирање локални политики и програми.
   - Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите, момчиња и девојчиња, за болестите на зависност, значењето на превентивните здравствени прегледи кај мажите и жените, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и др.

2. Учество на граѓаните во локалниот развој
    - Специфична цел: 1. Унапредување на соработката помеѓу Општина Делчево и здруженија и фондации во согласност со можностите и условите, преку воспоставување механизми за соработка;
    - Специфична цел: 2. Создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;
    - Специфична цел: 3. Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии
    - Специфична цел: 4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.
    - Специфична цел: 5 Вклучување на најмалаку една жена во работата на месните и урбаните заедници.

3. Развој на услуги
    - Специфична цел: 1.Обезбедување постојани и квалитетни услуги за граѓаните
    - Специфична цел: 2. Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО

4. Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија на климатските промени
    - Специфична цел: 1. Намалување на интензитетот на загадување и на климатеските програми
    - Специфична цел: 2. Креирање програми/стратегии за искористување обновливи извори на енергија

**III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

Граѓанските организации се активен фактор во општествените промени. Тргнувајќи од нивната важна улога во демократизацијата на општеството, Општина Делчево го цени придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството, поттикнувањето на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата. Со овој документ, врз основа на досегашните постигнати резултати и актуелните општествени текови и стандарди, Општина Делчево разработи рамка за идни активности кои ќе овозможат понатамошно зајакнување и развој на соработката со граѓанскиот сектор. Исто така, се поттикнува граѓанскиот активизам во општината, се унапредува соработката со организациите и се дава придонес кон нивен постојан развој. Овој документ и активностите предвидени во него ќе претставуваат водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнување на граѓаните да се вклучат во креирањето на локалните политики.

Општина Делчево посветено работи и поседува голем број локални документи од стратешко значење за Општината, а граѓанскиот сектор активно учествувал во нивната изработка и во планирањето на мерките и активностите, како и во нивната имплементација.

Одреден број НВО (РЦЗ Делчево, НВО КХАМ, ЗГ „Аронија", ЗРА „Пијанечки глас", ЗФГ „Копачка" – с.Драмче, КУД „Гоце Делчев"– Делчево, РКЕЦ „Тернипе МК" –

Делчево, ХЗППЛПП „Бравура Кооператива", ЗМ „Локален младински совет Делчево") активно учествувале во изработката на Локалниот акциски план за социјална заштита, како дел од локалната Програма за социјалните потреби на граѓаните од социјална заштита на Општина Делчево (2006), како и Локалниот еколошки акционен план. Уште поважно е дека, во најголем број од планираните мерки и активности за спроведување на акциските планови, НВО се едни од главните партнери и/или носители на имплементацијата. Процесите на децентрализација и пристапување на РМ во Европската Унија (ЕУ), исто така, придонесуваат во дефинирањето на политичко-легислативната рамка.
Во Општина Делчево се регистрирани околу 60 граѓански организации, од кои активни се дваесетина. Најзастапени се оние кои дејствуваат во областите: екологија, регионален развој, меѓугранична соработка, социјална инклузија на маргинализирани групи, еднакви можности на жените и мажите, култура, образование, здравствени и хуманитарни дејности, спорт, земјоделство и други.
Во организациската структура на Општината не постои посебен сектор ниту одделение за соработка со граѓанскиот сектор. Сепак, соработката е институционализирана во рамките на Одделението за правни и општи работи, како и Одделението за локален економски развој кои се вклучени во активностите за соработка и поддршка на ГС. Редовно се усвојуваат годишни програми за поддршка на граѓанскиот сектор и се одржуваат средби со претставниците на граѓанскиот сектор. Главната цел на програмите е мотивација на невладините организации да работат во интерес на заедницата и да бидат партнер на Општината во креирањето на нејзините развојни политики.
Финансиските средства за поддршка на проектите на здруженијата се планирани со програмата за Локален економски развој. Притоа се финансираат здруженијата и фондациите од областа на ЛЕР, културата, образованието, здравствената заштита, заштитата и унапредувањето на животната средина, младите и младинските политики, еднаквите можности на жените и мажите. Исто така, се финансираат и активности од областа и други настани поврзани со спорт, земјоделие, туризам и др.
Распределбата на финансиските средства од буџетот на Општината за поддршка на ГС се врши преку објавување јавен повик за поднесување проекти, во кој се дефинираат областите од интерес, условите и потребните документи за докажување на капацитетот на организациите.
Општина Делчево има изработено стандардизирани формулари со кои граѓанските организации аплицираат за добивање финансиска поддршка за реализација на проекти и програми и тие се јавно достапни на веб-страницата на Општината. Следењето на реализацијата на доделените финансиски средства се врши преку поднесување квартални извештаи кои содржат наративен и финансиски дел, но не постои посебен систем за мониторинг на имплементацијата и евалуација на постигнатите резултати од проектите кои биле финансиски поддржани.
Општината редовно соработува со здруженијата во изработката на заедничките проектни апликации и/или реализацијата на проектите финансирани од странски донатори и логистички го поддржува ГС во градењето на капацитетите за изработка на проектни апликациии преку организирање обуки. Најчестите начини за комуникација на општинската администрација со граѓанскиот сектор се јавните трибини, е-маил, телефонските разговори, директните секојдневни контакти, наменските средби со организациите активни во конкретна област, но најчесто се практикува објавување на информациите на веб-страницата на Општината која

редовно и навремено се ажурира со информации за активностите на Општината, меѓу кои и оние во интерес на ГС.

Општина Делчево има потпишано меморандуми за соработка и договори со ГО од државата за реализација на значајни проекти. Позначајни се: Меморандум за соработка со UN WOMEN за имплементација на родовиот аспект во локалните програми и воведување на родово одговорно буџетирање, Договор со НАЛАС, КДЗ и ЕУ за протектот „Паметен дигитален градски пилот проект- „Иновативен систем за нега на постари лица – Далечински мониторинг на пациентите и дијагностика во Општина Делчево". Проектот има за цел иновативност на услугите за грижа на постари лица со воведување на паметно, дигитално решение. Со овој проект ќе биде подобрен квалитетот на социјалните здравствени услуги за постарите граѓани преку иновативни решенија и дигитализација и ќе се реши проблемот со недостаток на примарни здравствени услуги во далечните области за време на непогодни услови или при неможност за движење; Социјално мапирање на ранливите категории граѓани со посебен фокус на потребите на лицата со попреченост, жени и девојки со попреченост кој го спроведуваше Општина Делчево во партнерство со НВО „Бравура кооператива", а во рамките на регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво" имплементиран од Мрежата на асоцијации на локални власти на ЈИЕ – НАЛАС и Асоцијациите на локалните власти од Западен Балкан, а со поддршка на ГИЗ и ЗЕЛС.

### 3.1. Активни здруженија и реализирани настани и проекти на Општина Делчево со здруженија на граѓани во Општина Делчево

- Општина Делчево во текот на целата година има континуирана соработка со здружението **КУД „Гоце Делчев"** Делчево согласно Програмата за одбележување настани и културни манифестации. Соработката особено е интензивна при одбележувањето на историски значајни настани и полагање свежи цвеќе пред споменикот на паднатите борци во Делчево и пред споменикот на Гоце Делчев, а Општина Делчево секогаш е партнер и во традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба" која е во организација на КУД „Гоце Делчев " Делчево и дава поддршка на настапите на друштвото во земјава и светот.
- **ЗФГ „Копачка**" е најстарото фолклорно друштво во земјава, формирано во 1948 г. Симболот на ФГ, старото автентично оро од с. Драмче „Копачката", од поред 10 години е на репрезентативната листа на нематеријално светско културно наследство на УНЕСКО. Работи на проекти кои се значителни за сочувување на фолклорот и на традицијата и промоција на живото културно наследство во државава и во светот. Општина Делчево изминатиов период дава поддршка за функционирање на друштвото и за реализација на проекти меѓу кои е и поддршката за отворање спомен-соба на основачот на друштвото Димитар Узунски во с. Тработивиште, поддршка за одбележување јубилеи, за настапи и редовно учествува на настани во организација на Општина Делчево.
- Со **Регионален центар за застапување општината** веќе подолго период активно соработува и имплементира заеднички проекти кои се значајни за локалната самоуправа, а како резултат на таа соработка е изработката на неколку стратешки документи кои се значајни за Општината, како што се: Стратегијата за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024, Стратегијата за Локален економски развој на Општина Делчево 2021-2025 и Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево 2024-2028. Преку заемна соработка со

Регионален центар за застапување беа организирани буџетски форуми за одредување на приоритетните проекти, а беше и дел од иницијативата на граѓанскиот сектор за инсталирање енергетски ефикасно осветлување во градскиот парк во Делчево, финансиски потпомогната од Мрежата за рурален развој на Македонија преку Проектот за поддршка на заедницата УСАИД.

- Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни **потреби БРАВУРА КООПЕРАТИВА** Делчево, во соработка со Општина Делчево и Министерството за труд и социјална политика на РСМ реализира проекти за развој и подобрување квалитетот на социјалните услуги и зголемување на понудата на општинските услуги согласно потебите на населението, а кои се во надлежност на локалната самоуправа. Преку овие проектите се обезбедуваат: Услуги во домот, Услуги во заедницата-рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, Услуги во заедницата- Иновативни рехабилитациски и образовни услуги на лицата со попреченост во Источниот регион.
- Општина Делчево со **Организацијата ЖЕНА** Делчево започна со соработка кон крајот на 2023 година кога преку имплементација на проектот „Со активни млади до одржлив развој на Општина Делчево", беше изработена Локална стратегија за млади на Општина Делчево 2024-2027 година која со Одлука беше усвоена од страна на Советот на Општина Делчево, како документ кој преставува основа за изработка на годишните програми на Локалниот младински совет на Општина Делчево. Воедно, оваа организација работи на прашањата за еднаквите можности и маргинализираните групи граѓани, а нуди и бесплатна правна помош.
- **Во партнерство со НВО КХАМ** Делчево во изминатиот период беа реализирани неколку заеднички проекти од кои најзначајни беа: изработувањето на Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година изработена во рамки на проектот „Стој цврсто за родова еднаквост", а со финансиска помош од Општината неколку пати беше организирана регионалната манифестација по повод 8 Април- Денот на Ромите и беа реализирани проекти за обезбедување хуманитарни пакети за најранливите лица.
- **Здружение на роднокрајни автори „ПИЈАНЕЧКИ ГЛАС" Делчево** е здружение за афирмација на сите роднокрајни автори или со постојано место на живеење во Општина Делчево. Работат на проекти за зачувување народната традиција, подигање на јавната свест на населението за културните достигнувања на роднокрајните автори преку промивирање на наовоиздадени дела, организирање и развој на разноврсните уметности преку форми на творештво и едукација, наградни конкурси, фестивали и изложби. Изминатиов период, Општината дава поддршка за промоција и издавање наслови од роднокрајни автори.
- **Ромски културен и едукативен центар „ТЕРНИПЕ МК" Делчево** е здружение на граѓани кое придонесува за јакнење на капацитетите на ромската заедница, подобрување на нивниот социоекономски статус, унапредување на нивото на култура, демократско и граѓанско општество, образованието и нивно директно вклучување и интегрирање во општествените процеси, како и зачувување, презентирање и афирмација на народната ромска култура и традиција на локално и национално ниво. Изминатиов период, Општината дава поддршка за активности на Здружението.
- Редовна поддршка, Општина Делчево дава и на **Здружението „Пчела"** за унапредување на пчеларството во општината, зачувување на пчелниот фонд, зголемување и полесно и поефикасно оплодување на овошките и сл.

- Соработката со Општинската организација на **Црвен крст на Република Северна Македонија** е во насока на градење партнерство на Општина Делчево со организација за реализацијата на хуманитарни акции, поддршка и промоција на доброволното дарување крв, волонтерството и сл. Бидејќи активностите и улогата и значењето на ОО на Црвениот крст за граѓаните на Делчево е голема и потребна, со оваа Програма, ОО на Црвениот крст на РСМ има право да аплицира по јавниот повик за граѓански здруженија, иако не е формирано согласно со Законот за здруженија и фондации.

### 3.2 Финансиска поддршка од Општина Делчево

Финансиската поддршка на Општина Делчево на граѓанските здруженија во Општина Делчево е согласно со одредбите од член 49 од Законот здруженија и фондации и согласно со одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Средства се доделуваат согласно со Правилникот и во транспарентен процес преку јавен повик кој се објавува на почетокот на календарската година во месеците јануари/март.

Висината на средствата за финансиска помош на граѓанските здруженија одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно одредбите од овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 49 од овој правилник.

Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие здружението во тековната година по пат на јавен повик може да изнесува најмногу до 100.000 денари. Постапката за доделување финансиска помош на граѓански здруженија ја спроведува Комисија за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија согласно со одредбите на овој Правилник.

### 3.3 Трендови

Трендовите во НВО секторот во Македонија ги рефлектираат глобалните предизвици и локалните потреби. Овие трендови покажуваат дека НВО секторот игра значајна улога во решавањето на општествените предизвици, со фокус на модернизација, граѓанска инклузија и соработка со национални и меѓународни партнери.

**1. Зголемено влијание на дигитализацијата**

- НВО секторот сè повеќе користи дигитални алатки за промоција, кампањи, едукација и вмрежување.
- Употреба на социјалните медиуми и веб-страници за промовирање права, подигање на свеста и собирање финансии
- Организирање на онлајн- тренинзи и работилници за граѓаните, особено за маргинализираните заедници.

**2. Фокус на социјална инклузија и маргинализирани групи**

- **Ромска заедница:** Проекти за подобрување на условите за живот, образование и вработување на Ромите.
- **Жени и млади:** Активности за унапредување на женските права и ангажман на младите во демократските процеси.
- Поддршка за човековите права и борба против дискриминација.

**3. Промоција на локалната демократија и учество**

- **Граѓанско учество:** Проекти кои поттикнуваат активна вклученост на граѓаните во донесување одлуки на локално и национално ниво.
- **Партиципативен буџет:** Иницијативи кои бараат транспарентно трошење на јавните средства преку консултации со граѓаните.

**5. Одржливост и климатски промени**

- **Екологија:** Кампањи за чистење на отпадот, енергетска ефикасност и заштита на природните ресурси.
- **Зелени иницијативи:** Промовирање на употребата на обновливи извори на енергија и едукација за климатските промени.

**4. Развој на локални капацитети**

- **Обука на граѓански организации:** Спроведување на тренинзи за подобрување на капацитетите на локалните НВО за пишување проекти, застапување и комуникација.
- **Финансиска одржливост:** НВО се ориентираат кон диверзификација на изворите на финансирање преку партнерства со приватниот сектор и локални донатори.

**5. Зголемена меѓународна соработка**

- **ЕУ фондови:** Сè повеќе организации аплицираат за програми финансирани од ЕУ како IPA и Erasmus+.
- **Регионална соработка:** Заеднички проекти со организации од Балканот за зајакнување на демократијата, човековите права и економската соработка.

**6. Нагласок на транспарентност и отчетност**

- НВО активно работат на зголемување на довербата на јавноста преку транспарентно објавување на активности, буџети и постигнувања.
- Имплементација на стандарди за добро управување и мерење на ефективноста на проектите.

**7. Застапување за човекови права**

- **Правна помош:** Обезбедување бесплатна правна поддршка за социјално ранливите групи.
- **Борба против насилство:** Кампањи и активности за намалување на семејното насилство и трговијата со луѓе.

Трендовите во граѓанскиот сектор се движат во насока на профилирање на граѓанскиот сектор како сериозен партнер на кој државните и економските

институции може да сметаат, што претпоставува, на една страна, самоограничување на државата како најмоќен фактор, а на друга страна, издигање на интегритетот и на автономијата на граѓаните и на граѓанските здруженија. Економскиот развој е претпоставка за двете промени. Интенцијата за развојот на граѓанскиот сектор треба да биде во насоката во која се движат напреднатите европски општества од каде што доаѓа поттикот за развивање кооперативни односи меѓу граѓанскиот сектор, државата и економијата. Во еден од последните извештаи на Европската комисија за напредокот на земјата во процесот на европската интеграција, меѓу другото, се констатира дека граѓанскиот сектор продолжува да игра конструктивна улога во поддржувањето на демократските процеси и во обезбедувањето контрола и урамнотеженост на моќта на државата и на граѓаните.
Трендовите на промени мора да се движат во насока на т.н. „европеизација" на македонското општество во целина и на граѓанскиот сектор посебно.

## IV АКТИВНОСТИ

Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година се определува со усвојувањето на Буџетот од страна на Совет на Општина Делчево.

### 4.1 Област на делување: Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината

- ***Специфична цел: 1. Зголемено учество на младите во креирање на локалните политики***

1. Општина Делчево дава поддршка на работата на Локалниот младински совет, обезбедува логистика ги вклучува во процесите на донесување локални програми и политики и се грижи за надградба на капацитетите на младите активисти и обезбедува учество на различни форуми и обуки и се грижи за нивно членување во национални тела.
2. Промоција на Законот за волонтерство- со цел запознавање на младите (м/ж) за можностите што ги нуди Законот за волонтерство со цел нивно активирање во општествените текови, О. Делчево ќе организира најмлаку една промоција на Законот за волонтерство
3. Промоција на мерките за самовработување-со цел запознавање на младите (м/ж) за можностите за самовработување, О. Делчево ќе организира најмалку една прозентација на мерките за самовработување од АВРМ.
4. Промоција на работата од далечина-со цел да се запознаат младите (м/ж) со можностите што ги нуди работата од далечина, О. Делчево ќе организира најмалку една инфосредба со младите.

- ***Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите за болестите на зависност, дискриминација, врсничко насилство родово базирано насилство и др.***

1. Организирање јавни кампањи и едуативни работилници со масовно учество на младите за теми од обласа на болестите на зависност, за

значењето на превентивните здравствени прегледи кај мажите и жените, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл. со цел јакнење на свеста кај младите кои ќе бидат активни во борбата против различни видови насилстви и дискриминација.

### 4.2 Област на делување: Учество на граѓаните во локалниот развој

- ***Специфичната цел 1: Поддршка и унапредување на граѓанските здруженија кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.***

1. Општина Делчево ќе ги поддржува проектите и програмите на граѓанските здруженија регистрирани на подрачјето на Општина Делчево преку објавување на Јавниот повик за доделување финансиска помош на здруженија на граѓани, а средствата ќе се доделуваат согласно со Правилникот за Општина Делчево во транспарентна постапка со распишување јавен повик на почетокот на календарската година во месеците јануари/март 2025.

- ***Специфична цел 2: Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани од различни интересни групи.***

1. Обезбедување просторни услови за реализација на дел од активностите на граѓанските здруженија предвидени во нивните годишни програми. Оваа поддршка ќе биде обезбедена со давање Согласност за користење на фоејето, мултифункционалниот центар и салата во спомен- домот АСНОМ кои се сопственост на Општина Делчево без надоместок за реализација на одредени настани, настапи и проби, а по претходно поднесено писмено Барање од страна на здржението.
2. Општина Делчево ќе продолжи со поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и други видови помош на граѓански здруженија и фондации.
3. Во областа на поддршката на НВО- секторот, активностите на Општина Делчево ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

- ***Специфична цел 3: Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии***

**1.** Општина Делчево ќе продолжи со организирање буџетски и друг вид форуми и истражување на јавното мислење за одредени области преку анкетни прашалници со цел поголемо учество во креирање/носење локални политики на ГО во процесот на носење на одлуки како што се стратегиите, програмите и акциските планови на општината.

**2.** Развој на модели и форми за продлабодување на соработката на граѓанскиот сектор со општина Делчево, преку нивно директно или индиректно вклучување во мрежи, донаторски проекти, зедничка соработка со бизнис- заедницата, формирање на социоекономски

совет на општината и други заеднички активности кои ќе произлезат од партиципативните процеси во кои учествува граѓанскиот сектор и бизнис- секторот со посебен осврт на општествено одговрните компании.

3. Вклучување на најмлаку една жена во работата на месните и урбаните заедници. О. Делчево ќе организира средби со жени за информирање за значењето на нивното учество и ангажман во месните и урбаните заедници.

- ***Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.***

  **1.** Општина Делчево ќе даде поддршка за манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на општината со цел зачувување на континуитетот. Поддршката ќе биде преку доделување на финансиска помош по претходно поднесено Барање за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, преку обезбедување на просторни услови за реализација на истите како и подршка со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и др. видови помош.

  Со овој вид поддршка ќе се придонесе за збогатување на културниот живот во општината, за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Делчево, поттик и афирмација на локалното творештво, унапредување на соживотот и обезбедување на континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален карактер.

### 4.3. Област на делување: Развој на услуги

- ***Специфична цел 1: Унапредување на интерниот систем за соработка со* ГО**

1. Унапредување на општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево со цел Општина Делчево да има увид во активностите на ГО, во нивните области на делување и спроведени активности.
2. Системско и континуирано јакнење на капацитети на администрацијата на ЕЛС и ГО- со цел следење на трендовите и подготовка на кадри кои можат да одговорат на предизвиците.
3. Објавување на најмалку 3 е-анкети за истражување на јавното мислење и собирање предлози од граѓаните

- ***Специфична цел 2: Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните***

1. Поддршка за развој на услуги за маргинализирани граѓани и промоција на услугите за маргинализираните граѓани
2. Поддршка на НВО кои ќе се лиценцираат како провајдери за давање услуги

**4.4 Област на делување: Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатските промени**

- ***Специфична цел: 1. Намалување на интензитетот на загадување и креирање програми за искористување на обновливи извори на енергија***

1. Општина Делчево ќе даде поддршка на изготвување програми, стратегии, акциски планови за намалување на загадувањето и промоција и искористување на обновливите извори на енергија.
2. Општина Делчево ќе даде поддршка за реализација на акции/активности за намалување на загадувањето и искористување на обновливи извори на енергија.

## V Табеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. Област на делување: Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1: Зголемено учество на младите во креирање на локалните политики** | | | | | |
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Временска рамка** |
| Општина Делчево дава поддршка на работата на Локалниот младински совет, обезбедува логистика ги вклучува во процесите на донесување локални програми и политики и се грижи за надградба на капацитетите на младите активисти и обезбедува учество на различни форуми и обуки и се грижи за нивно членување во национални тела. | Со цел активен Локален младински совет, како репрезентативно тело на младите, Општината ќе даде поддршка на нивните активности, ќе се грижи да бидат вклучени во креирање на локалните планови и програми и ќе се грижи за надградба на капацитетите и нивно вклучување/соработка со национални тела на младите | Бр на поддржани активности на ЛМС; Бр на млади учесници на форуми, обуки, работилници (м/ж) | Лице за соработка со ЛМС; Одд. за општи и правни работи; ЛМС | | Континуирано 2025 |
| Промоција на Законот за волонтерство | Промоција на Законот за волонтерство со цел запознавање на младите со можностите и значењето на волонтерството. | Бр на одржани информативни средби Бр на млади учесници на средбите (м/ж) | О. Делчево, ГО | | Континуирано 2025 |
| Промоција на мерки за вработување | Промоција на мерките за самовработување со цел да се запознаат младите со | Бр. на одржани инфосредби Бр на млади учесници | О. Делчево, АВРМ, ГО | | Континуирано 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | условите кои ги дава државата за самовработување | (М/ж) | | | |
| Промоција на работа од далечина | Ссо цел едукација на младите и можностите кои ги дава можноста за работа од даделична, О. Делчево ќе организира најмалку 1 средба за промоција на работа од далечина | Бр на одржани инфосредби<br>Бр на учесници млади (м/ж) | О. Делчево ГО | | септември 2025 |
| **Специфична цел: 2 Зголемување на свеста кај младите за болестите на зависност, за значењето на превентивните прегледи кај мажите и жените, за дискриминација, врсничко насилство, родово базирано насилство и др.** | | | | | |
| Организирање јавни кампањи и едуативни работилници со масовно учество на младите за теми од областа на болестите на зависност, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл. со цел јакнење на свеста кај младите кои ќе бидат активни во борбата против различни видови насилство и дискриминација. | Со цел јакнење на свеста кај младите за теми од областа на болестите на зависност, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл., О. Делчево ќе организира и ќе даде поддршка на кампањи, едукативни работилници за младите да бидат бидат активни во борбата против различни видови насилство и дискриминација. | Бр на организирани обуки, кампањи<br>Бр на учесници млади (м/ж) | ЛСМ, лице за соработка со младите | 3.000 | Континуирано 2025 |
| **2.Област на делување: Учество на граѓаните во локалниот развој** | | | | | |
| **Специфична цел 1 Поддршка и унапредување на граѓанските здруженија кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.** | | | | | |

**Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Јавен повик | Распишување јавен повик за доделување средства од Буџетот на Општината за граѓански здруженија | Поднесени и финансирани најмалку 10 граѓански организации.<br>- Финансирани најмлку 10 граѓански организации од општина Делчево | Комисија за доделување финансиска помош за граѓански здруженија, Одделение за општи и правни работи, Грдоначалник | 450 000 | Јануари/март 2025 |
| **Специфична цел 2 Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани од различни интересни групи.** | | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Рок на реализација** |
| 1.Обезбедување просторни услови за реализација на активностите на ГО | Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани, Општина Делчево<br>Ќе продолжи да обезбедува бесплатни просторни услови, преку давање Солгасност за користење на фоајето во спомен дом АСНОМ и салата АСНОМ, мултифункционалниот центар во спомен- домот АСНОМ кои се во сопственост на Општина Делчево за реализација на настани, настапи и проби по претходно поднесено писмено Барање од страна на | Бр. на поднесени барања<br>Бр на одобрени барања<br>Бр на активности | Општина Делчево | | Континуирано 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | здружението | | | | |
| 2. Логистичка помош | Со цел овозможување услови за реализација на активностите на ГО, Општина Делчево ќе продолжи со континуирана поддршка на ГО со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и други видови помош | Бр на поддржани граѓански оргнизации | Општина Делчево | | Континуирано во 2025 |
| 3. Реализирање партнерски проекти | Во областа на поддршката на НВО секторот, активностите на Општина Делчево ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа | Бр на поддржани проекти/иницијативи | Општина Делчево НВО, Министерства на РСМ и други државни органи | | Континуирано 2025 |
| **Специфична цел 3 Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии** | | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
| 1.Организација на Буџетски и др.вид форуми и истражување на јавно мислење | Општина Делчево ќе продолжи со организирање буџетски и друг вид форуми и истражување на јавното мислење за одредени области преку анкетни прашалници со цел поголемо учество во креирање/носење | Организирани најмалку 3 форумски сесии, организирани најмалку 3 истражувања на јавното мислење | Општина Делчево Градоначалник | 100.000 | септември – декември 2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | локални политики на ГО во процесот на носење на стратегиите, програмите и акциските планови на општината. | | | | | |
| 2.Развој на модели и форми за продлабочување на соработката со ГО | Со цел директно или индиректно вклучување на ГО во мрежа на општината при имплементација на проекти од различни области, во креирање на локални стратегии и нивно партиципативно учество во изготовка на годишни програми и Буџетот на општината, предвиден е развој на модели и форми за продлабочување на соработката со ГО | Организирање на најмалку две средби за граѓански организции по иницијатива на општина Делчево, бр на присутни/учесници (м/ж) | Општина Делчево Граѓански организации | | | |
| Организирање средби со жени за информирање за значењето на нивното учество и ангажман во месните и урбаните заедници | Зголемен интерес на жените за нивно учество во работата на месните и урбаните заедници, посебно важно за собирање приоритети на жените и поттикнување на жените за активно учество во носењето локални пролитики/програми /стратегии | -Број на одржани средби во рурални и урбани средини<br>-Бр. на жени учеснички на средбите | О. Делчево, ГО | | | |

**Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.**

| Активности | Цел | Индикатори | Одговорни лица | Буџет | временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на манифестации од локален, регионален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на општината | Општина Делчево ќе даде поддршка за манифестации од локален, регионален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на општината со цел зачувување на континуитетот.<br>Поддршката ќе биде преку доделување на финансиска помош по Јавен повик распишан од страна на општина Делчево за доделување финансиска помош за здруженија на граѓани. Преку обезбедување на просторни услови за реализација на истите како и логистичка поддршка. | Бр на поддржани манифестации | Општина Делчево<br>ГО<br>Комисија за доделување финансиска помош за граѓански здруженија,<br>Одделение за општи и правни работи,<br>Градоначалник | | Континуирано 2025 |

| 3.Област на делување Развој на услуги | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел: 1. Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО** | | | | | |
| Унапредување на општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево. | О. Делчево ќе го унапреди општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево со цел Општина Делчево да има увид во активностите на ГО, во нивните области на | Унапреден регистер<br>Бр на ГО во општинскиот регистер | Одд. за општи и правни<br>ГО | - | На секои 6 месеци од 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | делување и спроведени активности. Општинскиот регистер ќе се ажурира два пати годишно. | | | | |
| Системско и континуирано јакнење на капацитети на администрацијата на ЕЛС и ГО- со цел следење на трендовите и подготовка на кадри кои можат да одговорат на предизвиците. | Целта е следење на трендовите и подготовка на кадри кои можат да одговорат на предизвиците. | Бр на обуки<br>Бр на обучени административни службеници (м/ж)<br>Бр на граѓански активисти (м/ж) учесници на обуки | О.Делчево<br>ГО | донации | Континуирано 2025 |
| Објавување е-анкети за истражување на јавното мислење и собирање предлози од граѓаните | Активно учество на граѓаните во истражувањето со кое добиваме податоци за мислењето/приоритетите на граѓаните за одредена цел/област и актуелизирање на двонасочната комуникација како значајна алатка на Општината при донесување локални програми/проекти/стратегии | Бр. На објавени е-анкети<br>-бр. на области опфатени со анкетните прашалници<br>-бр. на анкетирани граѓани (М/Ж)<br>-бр, на предлози и коментари од граѓаните | О. Делчево, ГО | | |
| **Специфична цел: 2. Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните** | | | | | |
| Поддршка за развој на услуги за маргинализирани граѓани | О. Делчево ќе даде поддршка на ГО за развој на услуги за маргинализирани групи граѓани, како што е: бесплатната правна помош која ја даваат одредени ГО, реализација на хуманитарни и др. вид акции, поддршка за остварување на правото од | Бр на дадени поддршки на ГО<br>Бр на услуги<br>Бр на засегнати граѓани (м/ж) | О. Делчево<br>ГО<br>Донатори | донации | Континуирано 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | социјална и др. вид заштита и сл. | | | | |
| Поддршка на НВО кои ќе се лиценцираат како провајдери за давање услуги | О. Делчево дава поддршка на трендовите во социјалната заштита за лиценцирање на ГО за провајдери на услуги. | Бр. на лиценцирани ГО<br>Бр на услуги<br>Бр на опфатени корисници со услугата (м/ж) | О. Делчево, МТСП, ГО | донации | Континуирано 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.Област на делување Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатските промени** | | | | | |
| **Специфична цел 1: Намалување на интензитетот на загадување и креирање програми за искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | |
| Општина Делчево ќе даде поддршка на изготвување програми, акциски планови за намалување на загадување и промоција и искористување на обновливи извори на енергија | Со цел градење партнерство и решавање на проблемите со загадувањето и последиците од климатексите промени, О Делчево дава поддршка на изготвување програми / акциски планови и др. документи за планска акција за решавање на проблемот со загадувањето и климатските промени | Бр на изработени програми/планови<br>Бр на ГО кои изработувале документи<br>Бр на граѓани (м/ж) засегнати од донесените документи | О. Делчево<br>ГО<br>донатори | Донации | Континуирано 2025 |
| Општина Делчево ќе даде поддршка за реализација на акции/активности за намалување на загадувањето и | Со цел преземање конкретни акции за намалување на загадувањето и последиците од климатските промени, | Бр на поддржани акции/активности<br>Бр на ГО кои реализирале акција/активност<br>Бр на засегнати | О. Делчево<br>ГО<br>донатори | 100.000/донации | Континуирано 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| искористување на обновливи извори на енергија. | О. Делчево ќе даде поддршка на соодветни акции/активности. Бенефит од акциите ќе имаат граѓаните на Делчево (м/ж) | граѓани (м/ж) | | | |

**VI Очекувани резултати**

Со реализацијата на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 г. се очекува да се оствари основната цел на Програмата и да се даде голем придонес кон промовирањето, поддршката и унапредувањето на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), како и да се креираат нови мерки кои ќе значат зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики. Воедно, реализацијата на Програмата оди во насока за остварување на стратешката визија на Општина Делчево, а таа е: Општина Делчево, граѓанскиот сектор и локалните јавни институции заеднички да планираат и да имплементираат локални јавни политики, програми и проекти во насока на континуиран и одржлив развој и подобар живот на граѓаните".

**VII РИЗИЦИ**

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност."

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализацијата на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 г,. се:**

**А) Влијанија врз реализација на Програмата**

- Недоволна меѓуинституционална соработка;
- Недоволна промоција на можности;
- Недоволни средства за ГО од буџетот
- Неажурност и незаинересираност на дел од ГО
- Незаинтересираност на дел од младите за учество во креирање на локални политики
- Неповолна социекономска состојба во државата;
- Здравствена криза;
- Енергетска криза;
- Заминување на младите;
- Намалување на ЕУ – фондовите;

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025 г.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на**

**Програмата за активности на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

| **Активности** | **Вкупен буџет** | **Буџетска програма** |
|---|---|---|
| Јавен повик | 450.000 | Д0 |
| Поддршка на ЛМС | 20.000 | Г1 |

| | | |
|---|---|---|
| Промоција на Законот за волонтерство, на мерките за самовработување, работа од далечина | 3.000 | Г1 |
| Едукативни кампањи | 3.000 | Г1 |
| Реализирање партнерски проекти | | Г1 |
| Буџетски и др. вид форуми | 100.000 | Г1 |
| Развој на модели за соработка со ГО | 10.000 | Г1 |
| Средби со жени во месни и урбани заедници | 1.000 | Г1 |
| Поддршка на манифестации поо барање | 50.000 | Г1 |
| Поддршка на програми, стратегии, акциски планови за намалување на загадувањето и промоција на искористување обновливи извори на енергија | 100.000 | Г1 |
| Поддршка на акции за намалување на загадувањето и искористување на обновливи извори на енергија | 100.000 | Г1 |
| Вкупно | 837.000 | |

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за активности на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 г. ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на раководителот на Одделението за општи и правни работи.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

## 10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на собирање податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Број поддржани ГО по Јавниот повик<br>Доделени средства по јавен повик.<br>Доделени средства по поднесени барања за манифестации/настани<br>Бр на одржани едукативни средби со млади (м/ж)<br>Бр.на одржани дебати/трибини;<br>Бр на поддржани програми/стратегии/акциски планови за намалување на загадувањето и обновливи извори на енергија.<br>Бр на поддржани акции за намалување на загадувањето<br>Бр на поддржани партнерски проекти,<br>Бр на учесници ан форуми (м/ж),бр на присутни жени на инфорсредби во МЗ и УЗ<br>Бр на одржани обуки за надградба на | -Доделени договори по Јавен повик<br>-записници од трибини/дебати, инфосредби, донесени програми, спорведени акции, | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Раководител на Одд.за општи и правни работи, одговорно лице за комуникација со ГО,<br>Комисија за граѓански сектор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| капацитетите на јавната админситрација и на ГО, бр на објавени е-анкети, бр на лиценцирани ГО како провајдери на услуги | | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 -** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**________2024 година** **Претседател**

**Делчево** **Гоце Попов**